М-р Андреј Божиновски[1]

КОНЦЕПТОТ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ОД ОМРАЗА ВО ЗЕМЈИТЕ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН: КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА И АКТУЕЛНИ ПРЕДИЗВИЦИ

1.02 Прегледна научна статија

УДК: **343.3/.7:316.613.434**

Апстракт

За прв пат концептот на делата на омраза во нашето законодавство е инкорпориран со усвојувањето на измените на КЗ од 2009 година кога е предвидено дека при одмерување на казната судот ќе има во предвид дали делото е сторено поради некоја припадност на жртвата. Со тоа сторувањето на делото поради некоја дискриминаторска основа во општите одредби на КЗ е кренато на рамништето на општа отежнувачка околност. По усвојувањето на Законот за спречување на дискриминацијата од 2010 година во 2014 година се извршени соодветни измени во КЗ заради негово усогласување со основите за дискриминација предвидени во тој закон. Притоа заштитните карактеристики од член 3 на Законот за спречување и заштита од дискриминација беа пресликани во член 39 (5) од КЗ како отежнителни околности при одмерување на казната доколку делото е "сторено против лице или група на лица или имот, непосредно или посредно, поради нивната припадност на одреден пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или ратификуван меѓународен договор".

[1] Правен соработник во Здружението за кривично право и криминологија на Македонија, andrej_acm@yahoo.com

Вовед

Во казнените законодавства концептот на казнено дело на омраза се пробива под силно влијание, од една страна на ставовите и активностите на ОБСЕ, започнувајќи од Министерскиот совет на државите членки на ОБСЕ во Мастрихт 2003 година, кога се усвоени важни одлуки во однос на спречувањето и казнувањето на делата мотивирани со нетолеранција спрема одредени општествени групи ("дела на омраза"), а на ОДИХР му е доверен мандат да ги поттикнува и координира активностите на државите членки за нивно имплемнтирање. За таа цел, во изминатиот период во ОБСЕ се подготвени бројни документи, меѓу кои и Законите за казнените дела на омраза: Практичен водич од 2009 година[2], и други неопходни инструменти, мерки и активности на помош и насочување на активностите на државите членки за исполнување на нивните обврски во спречувањето на дискриминацијата и делата на омраза.

Исто така, востановен е систем на известување и анализи, што овозможуваат следење на напредокот на казнените законодавства и практиката на нивната примена во сузбивањето на делата на омраза.[3] Определбата за посебен, построг казнено-правен третман на овие дела е вградена и во конвенциите за заштита на човековите слободи и права (од конвенциите за геноцидот, злосторствата против мирот и воените злосторства, до конвенциите за спречување на расната и друга дискриминација и ширењето на омраза и ксенофобија). На истата линија се и повеќе акти (директиви и рамковни одлуки) на Европската унија. Република Македонија како потписничка на првите и како држава-кандидат за членство во ЕУ е обврзана да го инкорпорира концептот на делото на омраза во своето казнено законодавство и да обезбеди ефикасно откривање и гонење на таквите дела. Дотолку повеќе што таа, како мултиетничко, мултиконфесионално и плурално општество, е повикана со ефикасни правни инструменти да се справува со различните предизвици што ја загрозуваат еднаквоста на човековите слободи и права, индивидуални и групни, со дискриминацијата и другите форми на криминал предизвикани од непријателски однос

[2] OSCE- Office for Democratic Institutions and Human Rights (ODIHR): Hate Crime Laws: A Practical Guide
[3] Frederick M. Lawrence, Enforcing Bias-Crime Laws Without Bias:Evaluating the Disproportionate-Enforcement Critique", Journal of Law and Contemporary Problems, Vol 66, 2003, p.49

кон другиот поради неговата припадност кон определена социјална група, за на тој начин да обезбеди внатрешна хармонија и стабилност во духот на мултикултурализмот и внатрешната интеграција на општеството.

За прв пат концептот на делата на омраза во нашето законодавство е инкорпориран со усвојувањето на измените на КЗ од 2009 година кога е предвидено дека при одмерување на казната судот ќе има во предвид дали делото е сторено поради некоја припадност на жртвата.[4] Со тоа сторувањето на делото поради некоја дискриминаторска основа во општите одредби на КЗ е кренато на рамништето на општа отежнувачка околност. По усвојувањето на Законот за спречување на дискриминацијата од 2010 година во 2014 година се извршени соодветни измени во КЗ заради негово усогласување со основите за дискриминација предвидени во тој закон. Притоа заштитните карактеристики од член 3 на Законот за спречување и заштита од дискриминација беа пресликани во член 39 (5) од КЗ како отежнителни околности при одмерување на казната доколку делото е "сторено против лице или група на лица или имот, непосредно или посредно, поради нивната припадност на одреден пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или ратификуван меѓународен договор".Предмет на ова компаративно истражување се законските одредби за спречување на криминал од омраза во Хрватска, Словенија и Србија. Заедничкиот елемент на казнените законодавства на државите од нашиот регион е тоа што сите го прифаќаат концептот на посебен третман на делата од омраза. Секоја држава го дефинира и санкционира делото од омраза на свој начин. Покрај обврската за инкриминирање на одделни дела на дискриминација и омраза против одредена група врз било која дискриминациска основа, правото на ЕУ не предвидува прифаќање на униформен модел на казненоправна репресија за делата од омраза. Кривични дела од омраза можат да бидат одредени кривични дела, предвидени во Кривичниот законик. Меѓутоа она што ги разликува овие дела од другите кривични дела е фактот што сторителот е мотивиран од омраза спрема жртвата. Не станува збор

[4] Ibid

за однесувањето на жртвата спрема сторителот, туку само поради личните карактеристики на жртвата, како: етничка и национална припадност, боја на кожа, религија, род, сексуална ориентација, родов идентитет и други основи. Во овие случаи, предрасудите спрема овие основи се перцепирани како отежнувачки околности во секој случај поединечно.[5] Имајќи ја во предвид социјалната опасност што може да биде предизвикана од делата на омраза, етаблирање на дефиниција и строги кази во кривичните законици на регионалните земји и сосема оправдано.

1. Етиолошко значење на поимот „Дела на омраза“

Поимот “кривично дело на омраза” се дефинира како дело, мотивирано со непријателски однос, пристрасност или предрасуди кон жртвата како припадник на определена социјална група, или кон самата социјална група, изрично предвидено со закон како казнено дело. Оваа дефиниција содржи три елементи: омраза, (по правило) насилство и посебен основ за дискриминација на жртвата како припадник на определена група.[6]

Во општа смисла, омразата е дефинирана како чувство на одбојност спрема некого или спрема нешто или како “длабоко, трајно и силно чувство кое предизвикува анимозитет, лутење и непријателство спрема лице, група или предмет”. Најчесто, омразата не е некое привремена емоционална состојба, туку траен став на лицето кон друго лице, група или предмет. Омразата е негативно чувство на непријателство, аверзија, одбивност или негирање на друг, засновано врз предрасуди за кои било разлики меѓу луѓето и општествените групи- национални, етнички верски и други. Како негативна емоционална состојба, таа може да биде насочена против групата, но не и против поединецот кој се појавува како случајна или избрана жртва на неговото дело. Поради тоа, изразот “омраза” често пати се заменува со изразот “пристрасност” како негов синоним (така и во Hate Crime Laws: A Practical Guide na ODIHR). Поимот на “пристрасност” има пошироко значење од омразата и подразбира однос кон друг

[5] Bukovska, Barbara (Article 19), Regulating “Hate Speech”, OSCE Regional conference on dealing effectively with the hate crime and hate speech phenomena, 22 May. Повеќе кај: Annual Report 2008, European Union Agency for Fundamental Rights,http://fra.europa.eu/fra/material/pub/ar08/ar08_en.pdf; Hate Crimes in the OSCE Region: Incidents and Responses Annual Report for 2007” (OSCE/ODIHR 2008), http://tandis.odihr.pl, and individual country monitoring reports of the European Commission against Racism and Intolerance (ECRI), http://www.coe.int/t/e/human_rights/ecri/1-ECRI/2-country-bycountry_approach/default.asp

[6] Human Rights First, Overview: Hate Crime Report Card, December 2007,http://www.humanrightsfirst.info/pdf/071217-discrim-hc-report-card-overview-2007.pdf

заснован врз некој облик на предрасуда во врска со неговите карактеристики како припадник на одредена група (bias crime, bias-motivated crime). Предрасудата е стојалиште кое не се заснова врз рационални аргументи, туку врз нерационална генерализација на некое поединечно негативно искуство или пристрасно заклучување кое се изведува од погрешни или неаргументирани премиси и се зема како непореклив заклучок кој не дозволува промени, контрааргументи или спорења.[7]

Делото на омраза е најчесто специес на дело на насилство.[8] Во најопшта смисла, под насилство се подразбира негативно влијание врз основните човекови потреби и повреда или загрозување на основните човекови слободи и права, кое се состои во нивно попречување или отежнување на нивното остварување како и во закана со насилство. За казнено-правниот концепт на делото на насилство е релевантно само директното, односно персоналното насилство.

2. Казнени дела од омраза во законодавството во регионалните држави

2.1. Република Хрватска

Република Хрватска, според извештајот на ОБСЕ за борба против кривичните дела од омраза[9], спаѓа во групата на држави во кои постојат општи законски одредби за мотивот на омраза како отежнувачка околност за кое било кривично дело. Хрватскиот КЗ, спаѓа во групата на регионални казнени законодавства, кои содржат општа одредба за мотивот на омраза, како отежнувачка околност на кое било дело. Меѓутоа треба да се напомни дека кривичниот законик не е единствениот закон што го дефинира криминалот од омраза или основите за дискриминација во хрватското законодавство. Имено постојат други закони во кои експлицитно се наведени основите за дискриминација по различни основи во други рамки. Во 2003 година, за прв пат во хрватското законодавство сексуалната ориентација е експлицитно наведена како дискриминаторска основа во посебни законски членови од неколку закони. Забраната за дискриминација на сексуална основа е воведена во неколку клучни закони и тоа: **Закон за рамноправност на половите (Zakona o ravnopravnosti spolova, Narodne**

[7] Kambovski Vlado, (2011): Komentar na krivicniot zakonik na Republika Makedonija, 2006 – Skopje.

[8] Hate Crime Laws: A Practical Guide, (2009), Published by the OSCE Office for Democratic Institutions and Human Rights (ODIHR), Warsaw.

[9] OSCE 2005, *Combatting Hate Crimes in the OSCE Region: An Overview of Statistics, Legislation, and National Initiatives*

novine 82.08); Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик (Zakon o izmjenama I dopunama Kaznenog zakona, Narodne novine br. 110/97; 27/98; 50/00, 129/00; 51/01; 111/03; 190/03, 106/04; 85/05 71/06; 125/11; 144/12); Закон за изменување и дополнување на Законот за работни односи (Zakon o izmjenama I dopunama Zakona o radu, Narodne novine br. 114/03); Закон за научноистражувачка работа и високо образование (Zakon o znanstvenoj djelatnosti I visokom obrazovaniju, Narodne novine br. 123/03); Закон за истородни заедници (Zakon o istopolnim zajednicama, Narodne novine br. 116/03). Закон за медиуми (Zakon o medijama, Narodne novine br. 59/04) **Закон за заштита од дискриминација (Zakon o Anti-diskriminaciju, Narodne novine br. 85/08).**

Во хрватското казнено законодавство, дефиниција за делата од омраза, како и начинот на одмерување на казната кај овие дела, беа воведени во 2006 година со измените и дополнувањата на КЗ. Повреда на рамноправноста на граѓаните, расна и друга дискриминација вклучува лишување од фундаменталните слободи и права на личноста признати со меѓународното и домашното законодавство, мотивиран од одредена карактеристика на жртвата. Пред официјално дефинирање на казнените дела од омраза, одредбите на КЗ на Република Хрватска, во 2003 година предвидуваа заштита на сексуалните малцинства во контекст на член **151а** – ***„kazneno djelo slaveći fašističke, nacističke i druge totalitarne države iideologije ili promicanje rasizma i ksenofobije“***[10], меѓутоа со одлуката на Уставниот суд на Република Хрватска **(U – I/2566/2003)**, овој член беше укинат. Со измените на кривичниот законик во 2004 година за прв пат сексуалната ориентација, како дискриминациска основа е вметната во **чл. 174 ст.3 од КЗ** –***„Кривични дела сторени врз основа на расна и друга дискриминација“***. Во оваа година исто така имаше значајни измени и дополнувања во Законот за медиуми[11] во кои сексуалната дискриминација е воведена како валидна дискриминаторска основа. Главен исчекор во дефинирањето на криминалот од омраза во Република Хрватска беа измените на КЗ од 2006 година, каде во **член 89**, **ст. 36** беше изнесена официјална дефиниција, која криминалот од омраза го подразбира ***„кое било казнено дело, предвидено со КЗ, извршено од мотив на омраза спрема некое лице врз основа на неговата/нејзината расна припадност, боја на кожа, пол, сексуална ориентација, јазик, религија, политичко или друго уверување,***

[10] Kaznen zakon Republike Hrvatske, Narodne novine br. 111/03
[11] Narodne novine br. 54

национална основа, имот, раѓање, образование, социјален статус, малцински статус или некое друго својство“.[12] Од овде може да се заклучи дека хрватскиот КЗ ги дефинира кривичните дела од омраза и не предвидува општа одредба за одмерување на казната, односно експлицитно не упатува на тоа, дека извршувањето на вакво дело ќе се смета како отежнувачка околност при извршувањето на други дела, доколку со законот не е поинаку определено. Државното јавно обвинителство на Република Хрватска, во 2006 година, донесе посебен правилник, за начинот на постапување по казнени дела извршени од омраза и евидентирање на истите. Имено во правилникот се наведува дека од законската дефиниција во Кривичниот законик, произлегува дека кривично дело од омраза може да биде секое дело од посебниот дел на хрватскиот КЗ, сторено од омраза врз дискриминациските основи дадени во членот (кривично дело против имотот, кривични дела против животот и телото, кривични дела против општата сигурност, кривични дела против јавниот ред и мир итн.).[13] Со овие измени, сексуалната ориентација е вметната како валидна дискриминациска основа, меѓутоа овие измени на КЗ од 2006 година, не го предвидуваат експлицитно **„родовиот идентитет“,** како дискриминациска основа и експлицитно не укажуваат дека мотивот од омраза ќе се земе како отежнувачка околност при одмерување на казната за сторено кривично дело од омраза. во правилникот на Државното јавно обвинителство на Република Хрватска се напоменува дека иако Кривичниот законик не предвидува дека делата сторени од омраза ќе се сметаат за отежнувачка околност, тие ќе бидат третирани како такви и по нив ќе се постапува со посебно внимание.[14] Правилникот, исто така дава насоки и инструкции за постапување на јавните обвинители во кривичните дела од омраза, имено ги обврзува дека по примената кривична пријава или известување, јавниот обвинител е должен да стапи во контакт со надлежниот полициски службеник и заеднички да се договорат за понатамошно постапување по предметот на злочин од омраза. Правилникот ги обврзува јавните обвинители, во завршниот збор да повторно да истакнат дека во конкретниот случај, се работи за кривично дело извршено од омраза врз дискриминациските основи наведени во членот 89 од Кривичниот законик и доколку јавниот обвинител оцени дека со првостепената

[12] Владо Камбовски, Мирјана Лазарова Трајковска., Правна анализа на концептот на казненото дело на омраза и говорот на омраза – Скопје: ОБСЕ, 2012 година.

[13] Republika Hrvatska, Drzavno odvjetnistvo Republike Hrvatske, Rad na kaznenim djelima počinjenim iz mržnje i evidentiranje zločina iz mržnje broj: O- 11/06.

[14] Ibid

пресуда на судот не е изречена соодветната казна или омразата не е земена како отежнувачка околност, должен е да поднеси жалба против таа пресуда и во неа да ги истакне мотивот за омраза и основата од чл. 89 од КЗ и да укажи да фактот дека мотивот од омраза како отежнувачка околност не е доволно ценет/одмерен од страна на судот.[15] Измените на КЗ од 2006 година, се однесуваат и на посебниот дел од КЗ, особено кај кривичните дела против животот и телото. *Во* ***чл. 91 ст.3*** од хрватскиот КЗ, убиството мотивирано од омраза се дефинира како тешко убиство и законодавецот пропишува поголема казна. Целта за воведување на посебна дефиниција за кривични дела од омраза во хрватскиот КЗ, во основа беше постигнување на поголема општествена осуда за овој вид на криминалитет и потенцирање на важноста за собирање на посебни статистички податоци. Доколку во измените и дополнувањата на КЗ од 2006 година се анализираат: чл. 106 – *„Повреда на рамноправноста на граѓаните“* и чл. 174 – *„Расна и друга дискриминација“* се забележува дека тие два члена всушност регулираат иста материја, но согласно извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Хрватска од 2007 година[16] практичната имплементација е различна. Чл. 106 е во врска со националното законодавство, односно во врска со други домашни закони и е најчесто имплементиран од страна на судовите, а чл. 174 се употребува во меѓународно законодавство, бидејќи е воведен како обврска од ратификуван меѓународен договор и е многу поретко користен од страна на судот. Со измените и дополнувањата на хрватскиот КЗ од 2012 година, кои стапија на правна сила во 2013 година, во ***чл. 87, ст.21*** кривичното дело од омраза се дефинира како: **„ Дело од омраза е казнено дело, сторено поради расна припадност, боја на кожа, вероисповед, национална или етничка припадност, инвалидитет, пол, сексуална ориентација или полов идентитет на личноста. Таквото постапување ќе се земе како отежнувачка околност ако со овој закон не е изрично пропишано потешко казнување. “**. Со овие измени се вршат корекции на претходната дефиниција за дела од омраза во КЗ од 2006 година и јасно се дефинира, што претставува кривично дело од омраза и дека истото ќе се смета за отежнувачка околност при одмерување на казната за сите кривични дела од посебниот дел на Кривичниот законик на Хрватска и исто така родовиот идентитет и сексуалната ориентација се експлицитно наведени како дискриминаторски основи. Кривични дела,

[15] Ibid

[16] Commission of the European Communities, *Croatia 2007 Progress Report (COM(2007) 663 final* (Brussels 6.11.2007).

кои се предвидени со измените на КЗ од 2012 година, кај кои се пропишани отежнувачки околности доколку се извршени се: **Тешко убиство (Чл.111 ст.4),** каде законодавецот во ст. 4, предвидува казна затвор од најмалку 10 години или казна доживотен затвор. Следно кривично дело е **„Сакатење на женски полови органи" (Чл.116 ст. 3)**, каде за основниот облик на делото предвиден во став 1 – „тој што на женско лице, целосно или делумно отстрани или трајно промени женскиот полов орган" законодавецот предвидел казна затвор од 6 месеци до 5 години, во ст. 3 предвидел казна затвор од 1 до 8 години, доколку кривичното дело е извршено од омраза. Исто така во членовите (117 – Тешка повреда,ст. 2 118- Тешка телесна повреда, ст.2 и 119- особено тешка телесна повреда, ст.2,) законодавецот покрај основното дело, кај сите члена, предвидел повисока казна затвор, доколку делата биле извршени од омраза. Потоа во делото **"Присилба„ (Чл. 138 ст. 1 и 2)** каде законодавецот упатува дека за делото е пропишана казна затвор до 3 години и доколку е сторено од омраза предвидува дека истото се гони и по приватна тужба. Потоа предвидено е делото **„Закана" (Чл. 139 ст.4) –** предвидува казна затвор од од 3 години за квалифицираниот вид на ова кривично дело и можност делото да се гони со приватна тужба, доколку е сторено од омраза во ст.4. Потоа во членот „**Тешко дело против половата слобода" (Чл.154 ст.4)** за сторителот е предвидена казна затвор од 1- 10 години, доколку го сторил од омраза. Законот за заштита од дискриминација во членот 3 од Уставот на Република Хрватска ги содржи еднаквоста, човековите права и владеењето на правото, како најзначајни вредности на уставниот поредок на Република Хрватска. Член 14 од Уставот укажува дека сите граѓани ги уживаат загарантираните слободи и права без разлика на расна припадност, боја на кожа, пол, јазик, религија, политички или верски убедувања, социјално статус и други карактеристики.[17] Дефинирање на поимот дискриминација, како и основите на дискриминација се уредени со Законот за заштита од дискриминација. Овој закон ги воспоставува предусловите за реализацијата на еднаквите можности и ја регулира заштитата од дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, етничка припадност, пол, јази, религија, политичко или друго убедување, национално или социјално потекло, имотна состојба, образование, социјална положба, брачен статус, возраст, здравствена состојба и други дискриминациски основи. Овие одредби се значајни за дефинирање на основите на дискриминација и создавање на

[17] Устав на Република Хрватска, Ustav Republika Hrvatske, http://www.sabor.hr/Default.aspx?art=1841

централен орган за борба против дискриминацијата. Законот за заштита од дискриминација беше изгласан на 9.7.2008 година, по долгогодишна научна дебата помеѓу правните практичари, невладиниот сектор и претставници од министерството за правда на Република Хрватска. Новината што ја донесе овој закон беше пред се создавањето на официјална институционалната правна рамка со која се определуваат основите за дискриминација. Во поглед на заштитата, законот воведува систем на две институции: Институцијата *„Вмешувачи“* ***(Interveners)*** и институцијата на *„Заеднички правни дејствувања“* ***(Joint Legal Actions)***. Исто така, со овој закон Народниот правобранител на Република Хрватска добива поголеми овластувања и станува централно тело за елиминација на дискриминацијата. Меѓутоа најзначајната новина што се воведе со овој закон е воведувањето на забраната за дискриминација врз основа на полов идентитет (Gender Identity).

Еден од поважните документи за дефинирање и справување на случаи од омраза е ***Протоколот за постапување во случаи на омраза***, донесен од страна на Канцеларијата за човекови права на Владата на Република Хрватска. Протоколот се темели на обврските од меѓународните договори меѓу кои се: Меѓународната конвенција за укинување на сите облици на расна дискриминација, Европската конвенција за човекови права на Советот на Европа и други инструменти, кои Република Хрватска ги има ратификувано во согласност со Уставот. Канцеларијата за човекови права и права на националните малцинства во Хрватска при Владата на Хрватска е значајно тело, поради тоа што е задолжено за создавање на систем за ефективно следење и евидентирање на казнените дела сторени од омраза во Република Хрватска. За создавање на Протоколот за постапување во случаи на омраза, Канцеларијата за човекови права при Владата на Република Хрватска, создаде мултиресорска работна група за кривични дела од омраза, која беше составена од претставници од: Министерството за внатрешни работи на Република Хрватска, Министерство за правда, Судскиот совет, Адвокатска комора на Хрватска и претставници од невладиниот сектор.[18] Целта на овој протокол е обезбедување на услови за ефикасна работа на надлежните органи кои учествуваат во откривање, постапување и следење на кривични дела од омраза, преку воспоставување и

[18]Ured za Ljudskih Prava I Prava nacionalnih Manjina, http://www.uljppnm.vlada.hr/index.php?option=com_content&view=article&id=8&Itemid=7.

развивање на систем за набљудување на случаи од омраза пред судовите во Хрватска и заштита на фундаменталните права на жртвите од омраза.

2.1.1 Класификација и гонење на кривични дела од омраза

Согласно хрватскиот Закон за кривична постапка, полицијата е одговорна за одредување на правната квалификација на сторените кривични дела. Физички напад, може да добие правна квалификација како кривично дело, предвидено со Кривичниот закон (Телесна повреда или Тешка телесна повреда) или како прекршок, предвиден со Законот за прекршоци на Република Хрватска и Законот за јавен ред и мир. Доколку делото е предвидено како прекршок, тоа не може да се класифицира како дело сторено од омраза, според законот за прекршоци, меѓутоа според практиката на полициските службеници, за секој прекршок во обsир ги земаат и мотивот на сторување за понатамошна евиденција. Како дел од обврските на правосудните органи (казнени и прекршочни судови и јавни обвинителства), Протоколот предвидува брзо и ажурно постапување во случаите на сторени кривични дела од омраза и водење на посебна евиденција за секој случај поединечно, а упатува јавните обвинителства во постапувањето со предмети од омраза, исклучиво да се држат до одредбите во Правилникот за постапување во случаи на кривични дела од омраза на Државното јавно обвинителство на Република Хрватска, каде што го обврзува обвинителот да соработува со полицискиот службеник, што прв го пријавил делото, како и во завршните зборови пред суд, јасно да наведе дека станува збор за кривично дело од омраза. Правилникот предвидува и воспоставување на заедничка евиденција на случаи од омраза, која ја води Министерството за правда на Република Хрватска.[19]

На официјалната интернет страна на ОБСЕ за пријавување на кривични дела од омраза[20], статистичките податоци за Република Хрватска во 2017 година покажуваат зголемена ефикасност на органите на прогонот и судовите во споредба со претходните години.

[19] Член. 12, став 2, Protokol o postupunju u slucaju zlocina iz mrznje, Ured za ljudskih prava I prava nacionalnih manjina Vlade Republike Hrvatske, Zagreb, ozujak 2011 godine.

[20] OSCE – ODIHR HATE CRIME REPORTING, достапна на www.hatecrime.osce.org

ГОДИНА	ПРИЈАВЕНИ КР. ДЕЛА ВО ПОЛИЦИЈА	ПОДНЕСЕНО ОБВИНЕНИЕ	ДОНЕСЕНА ПРЕСУДА
2017	110	98	85
2016	95	54	15
2015	57	20	10

Извор http://hatecrime.osce.org/croatia?year=2017

Како најчести пријавени кривични дела извршени со мотив на пристрасност, предрасуда или омраза заснована врз раса, национална или етничка припадност, јазик, боја на кожа, религија, пол, возраст, физички хендикеп, сексуална ориентација во полиција.

2.2. Република Словенија

Правната рамка на закони во Република Словенија што служат за заштита против дискриминацијата се: Кривичен законик на Република Словенија (Slovenski Kazenski zakonik, Uredni list RS br. 55/2008); Закон за спроведување на принципот на еднаков третман (Zakon o uresničevanju načela enakega obravnavanja, Uradni list RS br. 50/2004) кој ја дефинира дискриминацијата врз основа на пол, етничка припадност, религија, хендикепираност, возраст, сексуална ориентација и други основи; Закон за вработување (Zakon o delovnih razmerjih, Uradni list RS br. 21/2013), кој содржи одредби за заштита од дискриминацијата на основа на етничка припадност, раса или етничко потекло, национално и социјалното потекло, пол, боја на кожа, здравствената состојба,

инвалидитет, религија или верување, возраст, сексуална ориентација, статус на семејството, членството во синдикална организација, финансиската состојба или други лични околности при вработувањето.; Закон за професионална рехабилитација и вработување на лицата со хендикеп (Zakon o zaposlitveni rehabilitaciji in zaposlovanju invalidov, Uradni list br. 16/2007) кој содржи одредби за спречување на дискриминација врз основа на инвалидност; Закон за заштита на јавниот ред (Zakon o varstvu javnega reda, Uradni list RS br. 70/2006), кој содржи посебни одредби за заштита од дискриминација врз основа на сексуална ориентираност.

Словенечкиот КЗ од 2008 година не содржи општи одредби за уважување на мотивот од омраза како отежнувачка околност, иако во одредбите за одмерување на казната упатува на општиот поим на „мотиви“ **(чл. 49 ст.2)**[21]. Словенија спаѓа во земјите чие кривично законодавство не предвидува посебни казнени дела од омраза, туку постојат одредби во посебниот дел од КЗ, кои предвидуваат квалифицирани облици на основните дела, за кои е предвидена потешка казна. Во 2012 година стапи на сила Законот за изменување и дополнување на КЗ, во кој што, од кривичните дела во посебниот делсе издвојуваат **чл. 116 – Убиство; Член. 131 – Повреда на рамноправноста; Член. 265 – Мачење; Член. 297 – јавно поттикнување на омраза, насилство и нетолеранција**; **Член. 297 – Говор на омраза.**

Во **чл. 166 – Убиство, ст.3** е предвидено извршување на основното дело, со повреда на начелото на еднаквост и се казнува како тешко убиство, за кое е пропишана затворска казна од 15 години.[22] Повреда на еднаквоста е дефинирана во одредбите на **чл. 131 ст.1** од словенечкот КЗ како, *повреда, спречување или ограничување на човековите права или слободи признати од страна на меѓународната заедница или утврдени со Уставот и законите, доделување на друго лице посебна погодност или третман врз основа на неговата/нејзината етничка припадност, раса, боја, религија, етнички корени, пол, јазик, политичко или друго убедување, сексуална ориентација, социјален статус, раѓање, образование, социјална положба или околност*. За овие повреди, сторителот ќе се казни со парична казна или казна затвор до една година. Со

[21] Владо Камбовски, Мирјана Лазарова Трајковска., Правна анализа на концептот на казненото дело на омраза и говорот на омраза – Скопје: ОБСЕ, 2012 година.

[22] Кривичен законик на Словенија, Сл. весник. бр. 55/2008 | Slovenski Kazenski zakonik, Uredni list RS br. 55/2008

иста казна се казнува сторителот од **став 2** на овој член, кој прогонува организација или лице поради нивната заложба за унапредување на човековите права.

Во член 265 ст.1 од словенечкиот КЗ, се предвидува затворска казна од 1-10 години за оној кој намерно предизвикува силна болка или страдање со причина за повреда на *начелото на рамноправноста*, ќе се казни со затвор од една до десет години. Построга казна од 3-12 години затвор, е предвидена во ст.2 од овој член, доколку кривичното дело е извршено од службено лице.

Со измените на словенечкиот КЗ во 2011 година, **членот 297** се преименува од „**јавно поттикнување на омраза, насилство и нетолеранција**“ во **„Говор на омраза“**. Во **ст.1 од чл. 297** е предвидена затворска казна до 2 години за оној *кој „јавно предизвикува национална, расна, верска или друга омраза, раздор или нетрпеливост, или предизвикува секаква нееднаквост врз основа на физички или ментални недостатоци или сексуална ориентација, ќе се казни со затвор до две години.“* во **став 2** се предвидува иста затворска казна за оној кој *јавно дистрибуира идеи за супериорноста на една раса над друга, или е вклучен во активности со кои се негира, се намалува значењето или ги одобрува, исмева, или се залага за геноцид, холокауст, злосторства против човештвото, воени злосторства, агресија или на други кривични дела против човештвото.* Во **став 4** од истиот член се пропишува дека „*Ако делото од ставовите 1 и 2 на овој член е сторено од страна на присилба, малтретирање, загрозување на безбедноста, сквернавење на националните, етничките или верските симболи, со оштетување на подвижен имот на друг, сквернавење на споменици или спомен камења или гробови,* сторителот ќе се казни со затвор до три години.[23]

На 22.05.2004 година во Словенија стапи на сила **Законот за спроведување на принципот на еднаков третман.** Овој закон предвидува еднакви можности и еднаков третман без разлика на пол, етничка припадност, раса или етничко потекло, религија или верување, инвладност, возраст, сексуална ориентација или заради други лични околности.[24] Со овој закон сите дискриминаторски дејствија се забранети во сите области на општествениот живот. По донесување на измените во 2007 година, овој

[23] *Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, Сл. весник бр.91/2011 | Zakon o spremembah in dopolnitvah kazenskega zakonika,* Uredni list RS бр. 91/2011.

[24] *Zakon o uresničevanju načela enakega obravnavanja – Uradno prečiščeno besedilo, Uredni list br.* 50/2004

закон ги опфати и основите на дискриминација што беа предвидени со Европските директиви за антидискриминација (јазик, финансиски статус, образование и социјален статус).

Целосните статистички податоци на OSCE/ODIHR беа недостапни, меѓутоа достапни беа податоците на Министерството за внатрешни работи и Министерството за правда на Република Словенија за 2011 година.

ГОДИНА	ПРИЈАВЕНИ КР. ДЕЛА ВО ПОЛИЦИЈА	ПОДНЕСЕНО ОБВИНЕНИЕ	ДОНЕСЕНА ПРЕСУДА
2017	31	/	/
2016	56	24	18
2015	48	/	/

Извор: http://hatecrime.osce.org/slovenia?year=2013

Исто така покрај недостигот на информации, треба да се земе во предвид препораката на Европската комисија за борба против расизмот и нетолеранцијата (ECRI) за воведување на *дискриминаторниот мотив*, како отежнувачка околност за сите кривични дела во словенечкиот Кривичен законик.

2.3. Република Србија

Правната рамка на закони што служат за борба и заштита против дискриминација во Република Србија е составена од: Кривичен законик на Република Србија (Кривични закон Србије, Сл. гласник РС бр. 85/05 , 107/05 , 72/09 , 121/12 , 104/13); Законот за заштита и спречување од дискриминација (Закон против дискриминације, Сл. гласник РС бр. 22/09); Закон за работни односи (Закон о раду, Сл. гласник РС, бр. 24/2005, 61/2005, 54/2009 и 32/2013); Закон за високо образование (Закон о високом образовању, Сл. гласник РС, бр. 76/2005, 100/2007, 97/2008, 44/2010 и 93/2012); Закон

за радиодифузија (Закон о радиодифузији, Сл. гласник РС, бр. 85/06 62/06 85/06); Закон за здравствено осигурување (Закон о здравственом осигурању, Службене новине, бр 457/2011 , 110/2012). Со измените на српскиот КЗ од 2012 година, во општиот дел е внесена дефиниција на поимот **„Дело од омраза“ во чл. 54-а –** *„Посебна околност при одмерување на казната за дела од омраза“*, кој го подразбира кое било казнено дело, предвидено во КЗ, извршено од мотив на омраза спрема некое лице врз основа на неговата/нејзината расна припадност, боја на кожата, религија или верување, национална или етничка припадност, пол, сексуална ориентација или родовиот идентитет.[25] Согласно овој член мотивот на омраза претставува отежнувачка околност при одмерувањето на казната. Пред измените и дополнувањата на КЗ од 2012 година, казната се одмерување согласно чл. 54 ст.1 од КЗ, во кој што беа наведени олеснителните и отежнувачките околности на сторителот на кривичното дело, меѓу кои, како отежнувачка околност ги ценеше степенот на вина, побудите од кои е сторено делото и степенот на повреда на заштитното добро. Релевантни одредби од посебниот дел на кривичниот закон се **чл. 114 – Тешко убиство , чл.137 – Злоставување и мачење , чл. 387 – Расна и друга дискриминација , чл. 317 – Предизвикување на национална, расна и верска омраза и нетрпеливост и чл. 344-а – Насилничко однесување на спортски натпревари или јавен собир.**

Во членот 144 ст. 5 од српскиот Кривичен законик пропишува казна затвор од најмалку 10 години или затвор од 30 – 40 години, *за сторителот кој со умисла ќе лиши друг од живот од користољубие, поради прикривање на друго кривично дело, безобѕирна освета или други ниски побуди*. Во членот 137 од КЗ се регулира канзеното дело – злоставување и мачење. Основното дело е предвидено во ст. 1 од овој член, кој пропишува затворска казна од 1 година за оној кој злоставува друг или го третира на начин на кој со кој се навредува човековото достоинство. Во ст.2 од овој член е предвиден квалифицираниот облик на ова дело, односно се казнува со казна затвор од 6 месеци до 5 години, сторителот кој со употреба на сила, закана или други нелегални начини предизвикува силна болка или страдање, со цел од трето лице да извлече исповед, сведочење или други информации или дека тој или некое трето лице да се заплаши и нелегално казни, или тоа да го изврши од руги побуди засновани на било

[25] Кривичен законик на Република Србија Сл. весник бр. 85/05 , 107/05 , 72/09 , 121/12 , 104/13 |Кривични закон Србије, Сл. гласник РС бр. 85/05 , 107/05 , 72/09 , 121/12 , 104/13;

која форма на дискриминација. Во член 387 од српскиот КЗ „Расна и друга дискриминација“ во став 1 е дефинирано битието на делото – расна и друга дискриминација, за кое е предвидена казна затвор од 6 месеци до 5 години на сторителот *кој врз основа на раса, боја на кожа, верска припадност, националност, етничко потекло или некое друго лично својство ги прекршува основните човекови слободи и права – загарантирани со општоприфатените правила на меѓународното право и ратификувани меѓународно договори во согласност со Уставот на Република Србија*. Во ставот 2 е предвидена истата затворска казна за сторител кој ќе изврши прогонување на организации или луѓе од Република Србија за нивното залагање за рамноправност помеѓу луѓето. Во ставот 4 е предвидена затворска казна од 3 месеци до 3 години за сторител *кој шири или на друг начин јавно прави достапни, текстови, слики или било која друга репрезентација на идеи и теории со кои се застапува или поттикнува омраза, дискриминација или насилство против некое лице или група на лица врз основа на раса, боја, религија, националност, етничка припадност или друга лична карактеристика*. Во ставот 5 е предвидена казна затвор од 3 месеци до 3 години за *лице кое јавно се заканува дека против лице или група на лица поради припадноста на одредена раса, боја на кожа, вера, националност, етничко потекло или некое друго лично својство ќе изврши кривично дело за кое е предвидена затворска казна од најмалку 4 години.* Во членот 317 од КЗ на Република Србија е предвидена казнена одговорност за предизвикување на национална, расна и верска дискриминација и нетрпеливост. Имено *тој што предизвикува национална, расна или верска омраза или нетрпеливост помеѓу народите или етничките заедници кои живеат во Република Србија ќе се казни со казна затвор од 6 месеци до 5 години.* Квалифицирани облици на ова дело се предвидени во ст. 2 и 3 од овој член. Имено ако делото од став 1 на овој член е сторено од страна на присилба, малтретирање за со цел да се загрози безбедноста или излагање на подбив на националните, етничките или верските симболи, со оштетување на имотот, сквернавење споменици или гробови, сторителот ќе се казни со казна затвор од 1 до 8 години. (ст.2) Ставот 3 ја санкционира злоупотребата на службената положба при извршување на ова дело и пропишува казна затвор од 2 – 10 години, за сторителот кој со злоупотреба на својата положба или овластување предизвикал национална, расна или верска омраза и нетрпеливост.

ГОДИНА	ПРИЈАВЕНИ КР. ДЕЛА ВО ПОЛИЦИЈА	ПОДНЕСЕНО ОБВИНЕНИЕ	ДОНЕСЕНА ПРЕСУДА
2017	64	24	16
2016	53	39	37
2015	39	36	24

ИЗВОР: http://hatecrime.osce.org/serbia

3. Концептот на делата на омраза во македонскиот КЗ

Во подготовката на Новелата на КЗ од 2009 се внимателно анализирани добрите и лошите страни на двата модели: третирање на делата на омраза како специјални, самостојни дела; и пропишување на мотивот на омраза како општа отежнувачка околност.[26] Првиот модел има одредени позитивни страни, кои се состојат во истакнувањето на значењето на делата на омраза. Исто така, инкриминирањето на одделни дејствија на насилство, извршени со таков мотив, овозможува подобра перцепција на криминалот на омраза, поголема ефикасност во откривањето на делата и прибирањето на статистички и други податоци за насилството и криминалот од омраза. Негативни страна на овој модел е внесувањето на мотивот на омраза како субјективен елемент во битието на делото (субјективен елемент на противправноста), било на битието на основното дело, било на квалифицираниот облик на делото, за кој е пропишана потешка казна.[27] Неговото утврдување е подредено на истите процесни правила на докажување, кои важат и за другите обележја на казненото дело. Тешкотиите во докажувањето на ова обележје, кое има субјективен (психолошки)

[26] Kambovski, Hate crimes and criminal and legal aspects of hate speech, OSCE Regional conference on dealing effectively with the hate crime and hate speech phenomena, 22 May 2012 Skopje.

[27] Ibid

карактер, може негативно да влијае врз подготвеноста на јавниот обвинител да подигне такво обвинение, односно за судот да донесе пресуда за такво дело, во која мора да биде содржано образложение и презентирање на сите докази врз основа на кои е дадена правната квалификација на делото како дело на омраза.[28]

Вториот модел ги избегнува посочените негативни страни на посебниот третман на делата на омраза. Покрај тоа, предвидувањето на омразата, пристрасноста или дискриминаторската основа која се појавува како мотив на делото како отежнувачка околност кај сите дела на насилство не ја исклучува можноста за пропишување, кај одделни дела, и на квалифицирани, потешки облици на делата извршени од омраза. Негативна страна на ова решение е што со нашироко прифатената општа одредба за одмерување на казната во казнените законодавства таквиот мотиов е предвиден како факултативна отежнувачка околност за одмерување на казната. Широкото дискреционо овластување на судот да ја уважи или не таквата околност, може да предизвика рестриктивен став кон повикувањето на таквата одредба, особено затоа што мотивот треба да биде утврден како психолошки факт, кој е во каузална врска со извршувањето на делото, како и поради флексибилноста на основите кои се земаат како основа за предрасуди и омраза (расна, национална, етничка и друга определба), формулирани со помош на "генерална клаузула" (и други слични особености).[29] Врз казнено-правниот концепт влијае и определбата за екстензивен или рестриктивен пристап кон основите за пристрасност, предрасуди и омраза, односно особеностите на групата на кои припаѓа жртвата кои може да бидат предмет на омраза.[30] Но во сите законодавства е изразена тенденцијата за проширување на кругот на ваквите особености. Со тоа за постоењето на дело на омраза губи значење какво било фиксирање на разликите што се предмет на пристрасност и предрасуди на сторителот. Македонскиот казнено-правен концепт на делата на насилство користи комбиниран легислативен метод, кој е прифатен и во други законодавства: општа одредба за дискриминаторската основа, која е мотив, повод за делото како отежнувачка околност

[28] Mesic, Milan, Prijepori oko kolektivnih (kulturnih) prava, (2007): Zbornik Pravnog fakulteta u Zagrebu, Vol.57, No.3, str.527-545.

[29] Ministerial Council Decision No. 12/04, "Tolerance and Non-Discrimination", Sofia, 7 December 2004

[30] OSCE Ministerial Council Decision No. 4/03, Maastricht, 2 December 2003. Permanent Council Decisions No. 607, "Combating Anti-Semitism" and No. 621 "Tolerance and the Fight Against Racism, Xenophobia and Discrimination", www.osce.org/mc/documents.html

(чл.39 ст.5 КЗ) и посебни, квалифицирани облици на одделни дела од Посебниот дел, ако се таквите дела извршени поради посебната дискриминаторска основа (модел на дискриминација). Во општата одредба од КЗ (чл.39 ст.5) не е изречно истакнат изразот "омраза", или некој негов генусен поим (мотив, побуда итн.). Законската формула "поради неговото или нивното потекло" за своја содржина го има мотивот на сторителот, кој може да биде одреден како непријателски однос, пристрасност, предрасуда, дискриминација и омраза спрема жртвата, односно групата на која и припаѓа.

Второ, законското фиксирање на особеностите на групата, на која припаѓа жртвата, го користи казуистичкиот метод, со кој се таксативно наброени основите на дискриминација што се појавуваат како причина за сторување на делото. Законот не го ограничува дејството на општата одредба за одмерување на казната (чл.39 ст.5 КЗ) на одредени дела, туку се однесува на кое и да е дело, кај кое судот ќе утврди дека е сторено врз дискриминаторна основа, утврдена со законот. Тоа значи дека во дофатот на оваа одредба се наоѓаат дела на насилство, но и дела без елементи на насилство, потешки, но и полесни дела. Така, на пример, судот би требало таквата околност да ја уважува и кај ситното дело кражба (сторителот поткраднува само од соседите кои припаѓаат на друга етничка заедница), пуштање во промет наркотични дроги, оштетување или повластување доверители итн. Преширокото одредување на дофатот на оваа одредба не кореспондира со општоприфатениот концепт на делото на омраза како дело на насилство, кое претставува потешка повреда на слободите и правата и нивната еднаквост. Таквиот рестриктивен пристап не исклучува дискриминаторниот мотив на пристрасност, предрасуда и омраза да се уважува како отежнувачка околност и кај некое поситно дело, ако според начинот на извршување се појавува како облик на посредно психичко насилство над жртвата или групата на која таа ѝ припаѓа (така, на пример, повеќекратно извршување на делото оштетување на туѓи предмети, кое се состои во уништување на посеви, сечење на овошен насад итн. извршено спрема соседот поради неговата припадност на друга етничка група.[31]

[31] Kambovski, Hate crimes and criminal and legal aspects of hate speech, OSCE Regional conference on dealing effectively with the hate crime and hate speech phenomena, 22 May 2012 Skopje

Кај повеќе инкриминации во Посебниот дел на КЗ индиректно или директно, омразата, пристрасноста, односно дискриминацијата врз расна, национална, етничка или друга основа е предвидена како квалификаторна околност, која на основното дело му дава потежок вид, за кој е пропишана и построга казна. Делата против животот и телото (Гл. XIV), таков карактер има одредбата за тешкото убиство извршено од "ниски побуди" (чл.123 ст.2 т.4 КЗ).[32] Таквите побуди се појавуваат како субјективна квалификаторна околност која го подига неправото на убиството. За тешко убиство "од ниски побуди" е пропишана потешка казна (затвор најмалку десет години или доживотен затвор), во споредба со основното дело убиство (чл.123 ст.1: казна затвор најмалку пет години). Недоследност на казнено-правниот третман на другите тешки дела на насилство, како што е тешката телесна повреда (чл.131 КЗ), е непропишувањето на извршувањето на делото од ниски побуди како квалификаторен облик на телесната повреда. Оваа недоследност би требало да се отстрани, што несомнено би имало позитивен одраз врз заокружувањето на казнено-правниот концепт на делото на омраза. Во главата на казнени дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот (Гл. XV), како посебен, потежок облик на делото загрозување на сигурноста (чл.144 ст.4 КЗ), е инкриминирано заканувањето од сторителот по пат на информатички систем дека ќе стори казнено дело за кое е пропишана казна затвор од пет години или потешка казна против некое лице поради неговата припадност кон определена социјална група (пропишана е казна затвор од една до пет години). И овој квалифициран облик на загрозувањето на сигурноста е конструиран според моделот на дискриминациска основа, а не на омраза како субјективен елемент на делото: потешко, во споредба со основното дело, се казнува тој што ќе се закани со извршување тешко дело против друг "поради неговата припадност" кон група со одредени особености. Посебна природа има делото предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дисриминаторска основа (чл.319 КЗ), кое не е дело на омраза во потесното значење на тој поим, но е поврзано со криминалот на омраза. Не е дело на омраза во потесна смисла делото на ширење на расистички и ксенофобичен материјал

[32] Kambovski, Hate crimes and criminal and legal aspects of hate speech, OSCE Regional conference on dealing effectively with the hate crime and hate speech phenomena, 22 May 2012 Skopje. Види повеќе: Permanent Council Decision No. 621 "Tolerance and the Fight Against Racism, Xenophobia and Discrimination", www.osce.org/mc/documents.html

по пат на компјутерски систем (чл.394-г КЗ). Посебна природа имаат и меѓународните злосторства: геноцид (чл.403 КЗ), злосторство против човечноста (чл.403-а КЗ), одобрување или оправдување геноцид, злосторства против човечноста или воени злосторства (чл.407-а КЗ) и расна и друга дискриминација (чл.417 КЗ). Анализата на одредбите од Посебниот дел на КЗ упатува на два заклучоци. Прво, законодавецот се определува за релативно рестриктивен пристап кон инкриминирање на делата на омраза како потешки, квалифицирани облици на делата на насилство и второ, законските описи на делата на омраза се конципирани според моделот на дискриминациска основа, а не на омразата како мотив, субјективен елемент на битието на делото, што резултира со пошироко определување на неправото на овие дела и создава помалку проблеми во нивното откривање и гонење.

Заклучок

Со прифаќањето на концептот на дискриминаторска основа како обележје на потешките облици на одделни основни дела и на општата одредба за отежнувачка околност, законодавецот го олеснил практичниот пристап кон примената на овие одредби во откривањето, гонењето и процесуирањето на таквите дела. За разлика од концептот на омразата, кој создава тешкотии во утврдувањето и докажувањето на субјективата страна на делото на омраза, препознавањето и истражувањето на дискриминациските основи како мотив за извршување на делото може да се потпре врз објективни факти, погодни за докажување. Со тоа, во претходната фаза на откривање и препознавање на таквото дело е клучно прашањето: дали делото е извршено поради припадноста на жртвата кон група која се карактеризира со особености одредени во законот. Со други зборови, треба да се утврди дали постои причинско-последична врска меѓу таквите особености и дејствието на сторителот, во смисла на нивно решавачко влијание врз одлуката на сторителот да го изврши делото. Активноста на полицијата и на јавното обвинителство треба да биде насочена кон пронаоѓање на докази дека постои таква врска меѓу особеностите на групата на која ѝ припаѓа жртвата и стореното дело, секогаш кога ќе се појават индиции за нејзиното постоење. Како индиции може да се појават: начинот на извршување на делото (груб, насилнички, безобsирен начин), односите меѓу сторителот и жртвата (постојани кавги, нарушени односи и непријателство врз национална и друга основа, припадност на различни национални, етнички и слични групи), посебната природа на објектот на дејствието

(сквернавење на верски објекти), средствата со кои е извршено делото (користење на "демонстративни" средства), однесувањето на сторителот за време или по извршување на делото (негови изјави, еуфорични настапи во јавноста).

Селектирана библиографија

- Annual Report 2008, European Union Agency for Fundamental Rights,http://fra.europa.eu/fra/material/pub/ar08/ar08_en.pdf

- Bukovska, Barbara (Article 19), Regulating "Hate Speech", OSCE Regional conference on dealing effectively with the hate crime and hate speech phenomena, 22 May
  2012 Skopje

- Bys, Carolyn (2012): Legislation and Prosecution of Hate Crime, OSCE Regional conference on dealing effectively with the hate crime and hate speech phenomena, Skopje

- Council Framework Decision 2008/913/JHA of 28 November 2008 on combating certain forms and expressions of racism and xenophobia by means of criminal law

- Hate Crimes in the OSCE Region: Incidents and Responses, OSCE/ODIHR, Annual Reports 2006, 2007, www.osce.org/odihr/item_11_26296.html

- Hate Crimes in the OSCE Region: Incidents and Responses Annual Report for 2007" (OSCE/ODIHR 2008), http://tandis.odihr.pl, and individual country monitoring reports of the European Commission against Racism and Intolerance (ECRI), http://www.coe.int/t/e/human_rights/ecri/1-ECRI/2-Country-bycountry_ approach/default.asp

- Hate Crime Laws: A Practical Guide, (2009), Published by the OSCE Office for Democratic Institutions and Human Rights (ODIHR), Warsaw

- Human Rights First, Overview: Hate Crime Report Card, December 2007, http://www.humanrightsfirst.info/pdf/071217-discrim-hc-report-card-overview-2007.pdf

- Jacobs, James B. and Potter Kimberly, (1998): Hate Crimes: Criminal law and Identity Politics, Oxford and New York

- Kambovski Vlado, (2011): Komentar na krivicniot zakonik na Republika Makedonija, 2006 – Skopje.

- Kambovski, Vlado, (2011): Kazneno pravo, Opsht del, 4.izd., Skopje

- Kambovski, V., (2012): Hate crimes and criminal and legal aspects of hate speech, OSCE Regional conference on dealing effectively with the hate crime and hate speech phenomena, Skopje.

- Maja Munivrana Vajda, Andrea Surina Marton(2016): Gdje prestaju granice slobode izrazavanja, a pocinje govor mrznje? Analiza Hrvatskog zakonodavstva i prakse u svjetlu europskih pravnih standarda, Hrvatski Ljetopis za Kazneno Pravo i Praksu.

- Maja Munivrana Vajda, (2013): The New Criminal Code in Light of Croatian Accession to the EU: Incriminating Hate Speech and Some Other Forms of Racism and Xenophobia, Croat. Acad. Legal Sci. YB.

- Mesic, Milan, Prijepori oko kolektivnih (kulturnih) prava, (2007): Zbornik Pravnog fakulteta u Zagrebu, Vol.57, No.3, str.527-545

- Racist Violence in 15 EU Member States, European Monitoring Centre on Racism and Xenophobia (EUMC), April 2005, http://fra.europa.eu/fra/material/pub/comparativestudy/CS-RV-main.pdf

- Soc, Vladimir, (2012): Hate speech: adopted legislation, good practice examples, cooperation with the civil sector, OSCE Regional conference on dealing effectively with the hate crime and hate speech phenomena, Skopje

- Valinas, Marta, and Bojanic, Sasa (2012), OSCE Mission to Bosnia and Herzegovina, OSCE Regional conference on dealing effectively with the hate crime and hate speech phenomena, 22 May 2012 Skopje

- Baker C. Edwin, (2009) Autonomy and Hate Speech, Extreme Speech and Democracy, Editors Ivan Hare and James Weinstein, Oxford University Press pg. 139- 158

- Belavusau Uladzislau (2010) A Dernier Cri from Strasbourg : An Ever Formidable Challenge of Hate Speech (Soulas & Others v. France, Leroy v. France, Balsyte-Lideikiene v. Lithuania, European Public Law 16, no. 3: ppg. 373 – 389

- Hare Ivan, (2009) Blasphemy and Incitement to Religious Hattred, Extreme Speech

and Democracy, Editors Ivan Hare and James Weinstein, Oxford University Press pg: 289- 311.

- Heinze Eric, (2009) Cumulative Jurisprudence and Hate Speech: Sexual Orientation and analogies to Disability, Age, and Obesity, Extreme Speech and Democracy, Editors Ivan
  Hare and James Weinstein, Oxford University Press pg: 265- 289

- Jacobs and White, (2006) The European Convention on Human Rights, Clare Ovey and Robin White, Forth edition, Oxford University Press

- Keane David, (2007) Attacking Hate Speech Under Article 17 of The European Convention On Human Rights, Netherlands Quarterly of Human Rights, Volume 25 No.1
  March 2007

- Mbongo Pascal, (2009) Hate Speech, Extreme Speech and Collective Defamation in French Law, Extreme Speech and Democracy, Editors Ivan Hare and James Weinstein,
  Oxford University Press pg.: 221- 237

- Post Robert, (2007) Religion and Freedom of Speech: Portraits of Muhamed, Issues in Constitutional Law, Censorial sensitivities: Free speech and religion in a fundamentalist
  world, edited by Andras Sajo Eleven international publishing, pg: 329-351

- Post Robert, (2009) Hate Speech, Extreme Speech and Democracy, Editors Ivan Hare and James Weinstein, Oxford University Press pg. 123- 139

- Rikhof Joseph (2005) Hate Speech and International Criminal Law The Mugesera Decision by the Supreme Court of Canada, Journal of International Criminal Justice, Volume3. No.1 March 2005

Reports and Recommendations

- Recommendation No. R (97) 20 of the Committee of Ministers Regarding Hate Speech

- Recommendation 1805(2007) on Blasphemy, religious insults and hate speech against persons on grounds of their religion, the Parliamentary Assembly of the Council of Europe

- Ministerial Council Decision No. 12/04, “Tolerance and Non-Discrimination”, Sofia, 7December 2004

- OSCE Ministerial Council Decision No. 4/03, Maastricht, 2 December 2003.

- Permanent Council Decisions No. 607, “Combating Anti-Semitism” and No. 621 “Tolerance and the Fight Against Racism, Xenophobia and Discrimination”, www.osce.org/mc/documents.html

- Permanent Council Decision No. 621 “Tolerance and the Fight Against Racism, Xenophobia and Discrimination”, www.osce.org/mc/documents.html

- The Committee of Ministers’ Declaration on freedom of political debate in the media adopted in February 2004 (www.coe.int)

- CDL-AD(2008),2016: Report on the relationship between Freedom of Expression and Freedom of Religion: the issue of regulation and prosecution of Blasphemy, Religious Insult and Incitement to Religious Hatred adopted by the Venice Commission at its 76th Plenary Session (Venice, 17-18 October 2008)

- Report on “Homophobia and Discrimination on Grounds of Sexual Orientation in the EU Member States Part I – Legal Analysis” (European Union Agency for Fundamental Rights), June 2008, and the White Paper on Intercultural Dialogue adopted at the 118st session of the Committee of Ministers, 7 May 2008

- Council Framework Decision 2008/913/JHA of 28 November 2008 on combating certain forms and expressions of racism and xenophobia by means of criminal law.

- Permanent Council Decision No. 621 “Tolerance and the Fight Against Racism, Xenophobia and Discrimination”, www.osce.org/mc/documents.html

- OSCE/ODIHR, *Hate Crimes Legislation: Practical Guide*, (2009), page 17.

- Agency for Fundamental Rights of the European Union, *Hate Crimes in the EU*, page 1-5.

- International Covenant for Civil and Political Rights of the UN, adopted by the UN General Assembly with Resolution 2200A (XXI) 16th December 1966. Republic of Macedonia signed and ratified the ICCPR on 18th January 1994.

- International Convention of the United Nations for Elimination of All Forms of Racial Discrimination, adopted by the UN General Assembly with Resolution 2106 (XX) on 21st December 1965. Republic of Macedonia signed and ratified this Convention on 18th January 1994.

- UN Convention on Rights to Persons with Disabilities, adopted with Resolution 61/106 of the UN General Assembly 2006. Ratified by Republic of Macedonia on 29th December 2011.

- Council of Europe, European Convention on Human Rights and Fundamental Freedoms

- *Virabyan v. Armenia,* Judgment of the ECtHR on 2nd October 40094/05 2012;

- *Secic v. Croatia,* Judgement of the ECtHR from 31st May 2007; application Nm. 40116/02, p. 67

- Convention for Prevention and Fight against Violence against Women and Domestic Violence of Council of Europe, CETS Nm.210 – legal enforcement since 1st of August 2014 and implemented in the national legislation 25 March 2018.

- Recommendation CM/Rec(2010)5 of the Committee of Ministers of Council of Europe to the Members States regarding the implementation of measures to combat discrimination based on sexual orientation and gender identity, adopted 31st of March 2010.

- Helsinki Committee of Republic of Macedonia (2017), *Annual Hate Crime Report.*

- OSCE/ODIHR Hate Crime Reporting, Statistical data form the Forer Yugoslav Republic of Macedonia for 2016 page 1-2.

- Ministry of Justice of Republic of Macedonia, *Strategy for Reform of the Judiciary and the Criminal Legislation – 2018.*

Andrej Bozhinovski LL.M[33]

THE CONCEPT OF HATE CRIMES IN THE WESTERN BALKAN COUNTRIES: COMPARATIVE ANALYSIS AND CURRENT CHALLENGES

1.02 Review Article
UDK: 343.3/.7:316.613.434

Summary

For the first time, the concept of hate crimes in our legislation is incorporated with the adoption of the 2009 amendments to the Criminal Code when it is envisaged that the court will take into consideration whether the crime was committed due to the victim's belonging. By doing so, the act of the offense for some discriminatory basis in the general provisions of the Criminal Code has been raised to the level of a general aggravating circumstance. After the adoption of the Law on Prevention of Discrimination of 2010 in 2014, appropriate amendments to the Criminal Code were made in order to harmonize it with the grounds for discrimination stipulated in that law. The protective characteristics of Article 3 of the Law on Prevention and Protection against Discrimination were reproduced in Article 39 (5) of the Criminal Code as aggravating circumstances in determining the punishment if the crime was "committed against a person or group of persons or property, directly or indirectly, due to their belonging to a certain sex, race, color of skin, gender, belonging to a marginalized group, ethnicity, language, citizenship, social origin, religion or religious belief, other types of beliefs, education, political affiliation, personal or societies q status, mental or physical disability, age, family or marital status, property status, health condition or any other grounds provided by law or by international agreement. "

Keywords: hate crimes, discrimination, reform, legislation

[33] Legal Advisor at the Association for Criminal Law and Criminology| contact: andrej_acm@yahoo.com